Врз основа на член 4 став (12) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА И МЕТОДСКА ПОДГОТОВКА НА АКРДИТИРАНИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ

## Член 1

Со овој правилник се утврдува висината на трошоците за стекнување на педагошко-психолошката и методската подготовка на акредитираните високообразовни установи.

## Член 2

Висината на трошоците од член 1 од овој правилник се утврдува врз основа на реално направените трошоци за стекнување на педагошко-психолошката и методската подготовка на акредитирани високообразовни установи и изнесува 12.000,00 денари од лице кое се стекнува со педагошко-психолошката и методската подготовка на акредитираните високообразовни установи

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Бр. 18-11468/1**
**19.10.2020 година**
**Скопје**

**Министерка**
**за образование и наука**
**Мила Царовска с.р**